СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12.V.1994 ГОДИНА**

Дискутанти :

Днев.ред. Предлог на закон за пописот (текст) попис на насел. Амандмани

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 3, 39, 41, 42, 44
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 28, 40, 29
3. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 37
4. ДИМОВСКА ДОСТА - 25, 27, 29
5. ЗИБЕРИ НАСЕР - 35, 36
6. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 49, 52, 53
7. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 29
8. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 31
9. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 47
10. ПЕТРОВ ТОДОР - 7, 16, 30
11. ПРЕВАЛА ШАБАН - 22, 24, 26, 27
12. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 50
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 41, 42, 45, 47
14. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 6, 7, 10, 11, 12, 16
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 12
16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 20, 21, 33, 39, 40
17. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 24, 37
18. ФАЗЛИУ АГИМ - 5, 15, 17, 19, 20, 21
19. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 11, 24, 37, 53
20. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 51
21. ШАКИРИ ХИСНИ - 38, 39, 40, 45, 46.

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1994 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на РМ со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Пратениците Панче Насев, Шабан Превала, Димитар Трпеновски, Стојан Ковачевски и Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Со расправата застанавме со завршување на општиот претрес по третата точка.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Шабан Превала поднесе амандман на член 33 став 1 и 2. Владата на РМ го прифати делот на амандманот што се однесува на исправката на техничката грешка и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот. Во однос на делот на амандманот што се однесува на роковите Владата поднесе свој амандман.

Владата на РМ поднесе амандмани за менување на член 3 и на член 13 став 2, член 14 став 2, член 15 став 1, член 16 став 2, член 17 став 1 и на член 33 став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

I/2.- СС-ВБ

Комисијата за Општествено - политички систем поднесе амандман на член 35 став 1, 3 и 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на насловот на Законот, на член 2, член 4 став 1 точка 4, член 6 став 1 алинеја 2, член 10 став 1, член 33 став 1 член 34, член 35 став 3, член 36 став 6, член 38 точка 1, 2, 3 и 4, член 48 став 2 и член 54 алинеја 1, на член 28 став 1, член 38 точка 1 и 5, на член 45 став 3 и на член 49 став 2, на член ,50, на член 51,( член 55 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 52 со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Шабан Превала поднесе амандмани на член 2 став 1, алинеја 1, член 4 став 4, член 6 став 1, алинеја 10, член 6 став 1 за внесување нова алинеја по алинејата 10, член 6 за бришење на ставот 4, член 10 став 1 за внесување нов став 2 по точката 2, во целиот текст на Законот зборовите "Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката" да се заменат со зборовите "Републички завод за статистика", на член 33 став 1, член 35 став 1, член 35 став 2, член 38 став 1 точка 1, член 42 став 1, член 46 став 2, и на член 54 став 1 алинеја 1 со кои Владата не се согласила.

Пратеникот Шабан Превала поднесе исправки на амандманите 1,4,8,9 и 10, амандманот 14 што се однесува на член 54 став 1 алинеја 1 го повлече. Пратеникот Агим Фазлиу се приклучи кон амандманот на пратеникот Шабан Превала.

Пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски поднесоа амандмани на член 11 и во целиот текст на Законот зборот "Републичка" да се замени со зборот "државна",на член 22 став 1 за менување на член 29 на член 30 за

бришење на ставовите 2,3,4 и 5 и за менување на член 35 а Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 2, на член 17, на член 43 став 2 и на член 54 став 1 за додавање нова алинеја 8 по кои Владата дополнително ќе се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани за додавање нов член 3-а на член 4 став 1 точка 2 на член 11 став 1, на член 12 и во целиот текст на Законот за менување на зборовите "Републичка организација надлежна за работите од областа на статистиката" со зборовите "Завод за статистика", на членовите 12 став 2, на 13 став 3, 14 став 3, 15 став 2, 16 став 2, 18 став 3, 21 став 1 алинеите 2, 3, 5, 6 и 7, 22 став 2 и 3, на член 26, на 33 став 3, 40 став 2, 41 став 1, 42 став 3 и 51 за замена на зборовите "функционерот кој раководи со Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката" со "директорот на Заводот аз статистика", на членовите 11 став 1, 12 став 1 алинеи 11 и 12, 20 став 1 алинеја 1, на 20 став 1, 2, 3 и 4, 22 став 1,2,3 и 4, 24 став 2, 32 став 1, 33 став 1,41 став 5 и 57 за замена на зборовите "Републичка пописна комисија" со "државна пописна комисија", на членовите 12,став 1 алинеја 13, 19 став 1 алинеја 3, 20 став 1 алинеја 3, 23 став 1 алинеја 9 и 10, 25 став 1 и 2, и уводот на став 2, 27 став 2,3 и 4, 28 став 2, 41 став 5 и 2 за замена на зборовите "Републички", "Републичките" и "Републичкиот" со "Државни" односно "државните" односно "државниот" на членовите 11 став 2, 18 став 3, 20 став 1 алинеја 6 30 став 5, 36 став 2, 54 став 1 алинеја 1 за замена на зборот "согласно" со зборот"во согласност" на членовите 11 став 2, на 34, 36 став 4, 38, уводот на став 1 за замена на зборот "член" со зборот "членовите", член 33 став 3 за замена на зборот "став" со "ставовите а членовите 4 став 1 точка 7 и став 4, членот 6 став 2, 16 став 1, 38 став 1 уводот на точка 1 и 48 став 2 за замена на зборот "точка" со зборот "точките" на членовите 6 став 1 алинеја 8 и став 4  на членот 10 став 1 точка 2 алинеја 1, 48 став

3, 54 став 1 алинеја 1 за замена на зборот "национална" со зборот "етничка" на член 12 став 1, алинеја 13 на член 13 став 1 и 2, 14 став 1 и 2 и член 15 став 1, член 16 став 1, член 18 став 3 и на член 23 став 1 алинеја 10 член 16 став 1, член 17 став 1, член 20 став 1 алинеја 4 и 5,член 21 став 1 алинеја 1, член 23 став 1 алинеја 11, на член 24 став 2, на член 34 став 1 и за додавање нов став 2 за бришење на глава VII и за бришење на член 35, на член 38 став 1, на член 41 став 2 и 4 на член 42 став 4 и 5 на член 43 став 2,на член 45 став 1 и 2, на член 47 став 1, на член 48 став 3, на член 50 став 1 и за додавање нов став 2, член 53 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеничката група на ПДП поднесе амандмани на член 2 за додавање нова алинеја 2, на член 4 точка 1 и за бришење на член -30 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков, Кирил Ковачевски и Томислав Стојановски поднесоа амандман на член 4 став 1 за додавање нова точка 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандмани на член 32 став 2 и на член 40 став 1 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандман на член 35 Став 1, 2 и 4 за замена на зборот "официјален" со зборот "службен" и на став 3 и 4 за замена на зборот "корисници" со зборовите "и неговото".

Пратеникот Владимир Митевски поднесе амандман на член 25 став 2 и на член 26, на член 30 став 2 и 3, член 35 став 4, член 36 став 1,4 и 6 и на член 46 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 алинеја 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Агим Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Во членот 2 алинеја 1 да гласи наместо "национални","планирања на вкупниот развој". Наспроти фактот што во секојдневниот политички жаргон се употребуваат зборовите национално стопанство наместо стопанството на некоја држава или национално планирање наместо државно или општествено планирање, сметаме дека за наши прилики повеќе ќе одговара наведената формулација. Под планирање на развојот може да се подразбира национално, државно или општествено планирање на тој развој што може да биде економски, културен, социјален, образовен и друг развој. Мислам дека Владата би требала да го прифати овој . амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 алинеја 1 поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова алинеја поднесен од пратеничката група на ПДП.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман со образложение дека нема потреба од дополнување на содржината во смислата што се предлага. Се работи за тоа дека податоците од пописот нема да се користат за единствен регистар на населението, затоа што во членот 42 став 2 стриктно е наведено дека личните податоци од пописот нема да се употребуваат за други цели, меѓу кои е наведен и единствениот регистар на населението. Значи дека е вклучен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за додавање нова алинеја поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата не го прифаќа овој амандман со образложение дека односите околу употребата на јазиците се регулирани во членот 35. Значи, нашиот став 1 дека оваа материја не треба да се уреди со општите одредби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со додавањето на нов член 3-а после членот 3 предлагам употребата односно службеноста на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо при попишувањето на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства да биде ставен во општите одредби а не да биде уредено тоа прашање со посебна глава како што е Предлог на Владата, Глава VII - употреба на јазиците во пописот и членот 35 што соодветно со друг следен амандман предлагам да бидат избришани.

Лично сметам дека предложениот член е во согласност со членот 7 став 1 од Уставот на Македонија тргнувајќи од фактот дека како унитарна држава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како службен јазик во Република Македонија се употребува и треба да биде во примена на целата територија на државата.

Со амандманот се предлага Главата VII- употреба на јазиците во пописот и членот 35 од Предлогот на законот да се бришат бидејќи нема никаква основа ова прашање да се уредува со посебна глава и одредба. Употребата на службениот македонски јазик во пописот е прашање од општ карактер за целиот текст на законот и затоа местото му е во соодветната формулација на предложениот закон во општите одредби.

I/8.-

Предлогот на Владата за употребата на јазиците во пописот за мене лично е преседан што отвара негативни импликации и последици врз унитарниот карактер на државата бидејќи со правото граѓаните на разните етнички групи да може да ги пополнуваат обрасците на нивните мајчини јазици се воведува федерализација во државата и можност при секоја друга комуникација со државната администрација, било каде и било за што секој граѓанин да сака да кореспондира на својот мајчин јазик, а не на службениот државен јазик кој, според членот 7 став 1 е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Ланчаната реакција што може да се изведе од примената на членот 35 од Предлогот на законот го руши концептот на унитарноста на државата и е вовед во нешто што за мене лично е непознато. Повеќе јазичност во целата државна администрација и паралелизам на системот.

Пописните обрасци не може да се пополнуваат на јазиците на етничките групи во државата бидејќи граѓаните на Македонија не располагаат со соодветна матична евиденција и на јазиците на етничките групи што ќе ја потврди точноста на податоците што ќе се воведуваат во пописните обрасци особено за личното име. На 74-тата седница се наоѓа на дневен ред законска материја од областа на матичната евиденција личното име и личната карта, се предлага двојазичност како што тоа го предлага Владата, меѓутоа тие закони се само предлог на закони за кои Парламентот ниту зазел став ниту одлучил по истите. Во отсуство на матична евиденција на јазиците на етничките групи во Македонија проблематична станува прашањето за веродостојноста на податоците што граѓаните припадници на другите етнички заедници во Македонија ќе ги внесуваат во обрасците за спроведувањето на пописот. Едноставно, матичната евиденција се води на Македонски јазик и не е можно воведување на пописните обрасци на податоци што немаат поткрепа со соодветна документираност.

Тоа воведува и една друга негативна импликација попишувањето на топонимијата во РМ на јазиците на националностите. Законите за матичната евиденција, лична карта, лично име се во собраниска процедура и без нивно донесување ако се усвојат како што се предложено не е можно менување на личните податоци на граѓаните според слободната презентација на граѓаните.

Од овие причини го предлагам текстот на амандманот после членот 3 да се додаде нов член 3-а кој ќе гласи:

"Попишувањето на населението се врши на македонски јазик и неговото кирилско писмо", со соодветна пренумерација на сите членови што понатаму следат, а главата VII и членот 35 се предлага со друг амандман да бидат бришани.

За мене лично Владата не даде никакво образложение од кои причини ја промени определбата од Предлогот за донесување на законот за службената употреба на јазиците во пописот со формулацијата што е сега понудена во истата глава VII употреба на јазиците во членот 35. Пред се заради тоа што во алтернативата што беше дадена на Предлогот за донесување на закон на членот 35 беше предвидена формулацијата и решението утврдено со Уставот членот 7 ставовите 2 и 3, односно во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство или како значителен број во смисла на Законот за локална самоуправа или во смисла на Уставот, живеат припадници на националностите попишувањето ќе се врши и на јазикот на припадниците на националностите.

Во промовирањето на нова содржина на овој член 35 во Предлогот на законот, Владата "де факто" и "де јуре" го промовира и прокламира употребата на сите граѓани на целата територија на Република Македонија на другите јазици што не се службен јазик во РМ.

Од тие причини предлагам Собранието да го прифати предложениот амандман.

II/1 JJ/НД

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

31 пратеник гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 4, точка 1, поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Претставникот на Владата тоа сум јас, не го прифаќа и овој амандман, бидејќи легално место на живеење,веќе во следниот став се објаснува дека се работи за вообичаено присутно население Морам да кажам дека оваа терминологија, е терминологија од нашите системски закони и законите на РМ, а исто така и во целост е усогласена со меѓународните стандарди. Впрочем и во последното мислење од експертската група е кажано дека се согласни и дека иако во меѓународната практика. се употребува само вообичаено присутното население, дека тоа е исто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ако е тоа исто, тогаш нема потреба претставникот на Владата да не го прифати тоа. Еве тука имаме толкување (покажува спрема пратениците материјал) на експертите, министерката може да го види. Затоа треба да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот да крене рака?

19 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот на господинот Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот станува составен дел на предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за додавање нова точка 1, поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков, Кирил Ковачевски и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/3

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман со образложение дека домицилното државјанство не е посебен белег во статистиката и дека не може да се користи како критериум за попишување на лицата при пописите. Истовремено оваа категорија односно ваква категорија не може да се вклучува во бројот на вкупното население.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,всушност амандманот кој го поднесоа група пратеници се однесува на членот 4, се однесува за прецизирање на членот 6 на Предлогот на законот, алинејата 7 каде што имаме во една прикриена форма обид за да се прави разлика меѓу населението во Република Македонија.

Имено во алинејата 7 се зборува дека за место и општина од кое се доселиле во местото на постојано живеење и година на доселувањето, а за лицата доселени од странство и година на доселува-њето во Република Македонија, како и државата од која се доселиле.

Ова ми дава за право дека во членот 4 треба да се прецизира и да се каже што е домицилно државјанство. Во образложението ние тврдиме а тоа е секаде во светот дека домицилното државјанство тоа се граѓани, на кои почива и сигурноста на една држава. Ова сакам да ви го образложам на повеќе начини за тоа што се подразбира на домицилно државјанство. И самиот термин домицил согласно енциклопедиите што се консултирани за поднесувањето и се поднесе овој амандман е тоа што едноставно домицилно значи староседелство, означува роднокрајство и во многу други контексти и на други термини со истото значење.

Што би се постигнало со овој амандман за домицилно државјанство. Истото како елемент но јасно да се каже дека во оваа држава имаме староседелско население. И тоа ќе го утврдиме да речам, на еден начин. Имено, јас само со некои примери од скопско бидејќи јас сум скопјанец, како домородно се смета да речеме ако таа фамилија на пример Белевски, се знае дека фамилијата Белевски се староседелци од Сопиште со 200-300 години. Тоа е пример за сите населени места во Скопје. Или ќе земам пример од селото 'Дражилово, само се извинувам ако згрешам, живеат македонци - муслимани. Има едно семејство кое како галабија го носи презимето Јаневски, односно фамилијата Значи тоа семејство е староседелско и тоа има домицилно државјанство. Или друг пример ќе ви изнесам. Ќе го земеме селото Света Петка Селото Света Петка исто така има едно семејство македонци - муслимани кои се доселени од Говрлево и веќе во Света Петка тие македонци - муслимани се албанизирани. И тие исто така се домицилни граѓани на оваа држава. Или трет пример ќе ви дадам. Овде има еден колега Наиф Мустафа од Равни Габер. И тој е исто така со домицилно државјанство затоа што во неговото село Равни Габер имаме две цркви срушени во времето кога неговото семејство се доселувало или учествувало во рушењето на тие цркви. Тоа е тие домицилни државјани на Република Македонија. Еве ќе дадам и четврти пример во селото Шипковица - Тетовско, селото на пратеникот Хамид Алиу, доскоро имаше црква. Таа црква е срушена и сега имаме три албанцки куќи. И господинот Хамид Алиу, е домородец односно со домицилно државјанство, бидејќи живее и потекнува од едно село каде што црквата е срушена. Тоа значи старо село и стари жители. Видете, ова се неколку примери кои јасно кажуваат дека во Македонија, навистина треба да кажеме кои луѓе потекнуваат од стари семејства и што тие претставуваат за оваа држава. Еве јас ќе изнесам уште еден

пример. А тоа е примерот на мојот школски другар соученик господинот Фаик Абди. Наскоро ќе славиме 40 години матура. И тој потекнува од едно старо скопско семејство. Неговото семејство се ковачи - прочуени во Скопје. И тој има доминцилно државјанство на РМ. Па зошто ние да се срамиме ние да воведеме таков термин во пописот на населението. Тоа било лика и гордост. Од друга страна, ако не воведеме тоа ќе ни се случува ние да предлагаме да речам во Уставниот суд на РМ, лица кои немаат домицилно државјанство. Јас ве прашувам, не сакам никој погрешно да ме сфати зашто еден господин Абдурахман Алити како домородец со домицилно државјанство да не биде предложен за судија на Уставниот суд туку тоа треба да биде лице без домицилно државјанство со стекнато државјанство, со 15 и 20 години и доселен од друга држава. Видете ова има голем квалитет и мислам дека треба да се најде соодветна графа во Законот1 како што го предлагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

30 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 за додавање нова точка 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков, Кирил Ковачевски и Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4, поднесен од пратеникот Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Во ставот 4 на член 4 што се однесува на вкупното население на РМ, во набројувањето на точките после бројката "3" предлагаме да се стави "запирка", да се продолжи со точката 4 и потоа да се додаде и точката 6. Сметаме дека само на ваков начин ќе се дојде до податокот на вкупното население во Република Македонија, како што се постапувало и на минатите пописи. Притоа се мисли на граѓани што не се откажале од државјанството на РМ и чии членови на нивните потесни и пошироки семејства живеат во нашата Република. Впрочем, тоа го диктира и фактот што во Европа, не верувам дека има држава со толкав голем процент на население кое својата егзистенција ја бара надвор од својата татковите како што е Македонија. Ваквото залагање не ја исклучува потребата од одредбата на ставот 5 на овој член за посебното публикување на бројот на населението од ставот 1 точка 5-а и 5-б, како и точката 6 од овој члег Тие податоци ќе бидат основа и за соодветни научни истражувања. Мислам дека ова прашање е доста сложено поради тоа што во членот 4 не е конкретно обработено технички како ќе се изведе пописот во врска со ова прашање. Добро е Собранието овој амандман да го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на членовите 6 став 1, алинеја 8 и став 4, 10 став 1, точка 2 алинеја 1, 48 став 3, 54 став 1, алинеја 1 за замена на зборот "национална" со зборот "етничка" поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот од причина што во Уставот се употребува терминот национална.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Уставна категорија не е ниту национална припадност. Кога национална* припадност ќе се преведе на некој од светските јазици ќе се добие истото значење како и зборот што следи по национална припадност - државјанство. Затоа сметам дека "етничка" наместо "национална" припадност, најсоодветно ќе го изрази резултатот на прашањето што е поставено. Вие од Владата сте сведоци и сами дека текстот на Уставот што го усвои ова Собрание во делот на Советот за меѓунационални односи,нешто што преведено на англиски добива значење совет за меѓународни односи. Го преведовте и им го поделивте на сите влади и меѓународни организации и оние кои дојдоа во контакти со нашата Влада со термин совет за меѓуетнички односи. Затоа сметам дека наместо терминот "национална припадност" најсоодветно одговара едничка припадност. Во меѓународните односи зборот "национална припадност" има значење државјанство односно националност и затоа

сметам дека би требало Собранието да го прифати терминот наместо"национална11 - етничка припадност на граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Според тоа го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

28 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 6 став 1, алинеја 8 и став 4, 10 став1, точка 2 алинеја 1, 48 став 3, 54 став 1, алинеја 1 за замена на зборот "национална" со зборот "етничка" поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 алинеја 10, поднесен од пратеникот Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Со овој амандман сакаме да се олесни работата на попишувачите, поконкретно да можат на прашањата граѓаните да одговараат, оние што ќе бидат попишани. Затоа предлагаме во членот б став 1 во алинејата 10 текстот што се однесува на мајчиниот јазик, да се бришат зборовите што следуваат по објаснувањето кои се дадени во заграда за мајчиниот јазик. Сметаме дека тоа ќе биде доволно за тоа што претставува мајчиниот јазик. Наредниот текст на таканаречениот вообичаен јазик, јазик што тековно го зборува или најчесто го зборува лицето во домот, сметаме дека збунува и за тоа е отповеќе. Способноста да се зборува еден или

повеќе други јазици би можело да се издвои како посебен белег. Во таа смисла се предлага амандманот да се олесни техниката и начинот на изјаснувањето при пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 алинеја 10, поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за внесување нова алинеја после алинејата 10 поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 за внесување нова алинеја после алинејата 10 поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Молам кој бара збор?

Бара збор господинот Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Овој вонреден попис, пред се треба да се направи за да се утврди еднаш засекогаш вистинската национална структура на населението во РМ. Ако ние со закон експлицитно предвидиме можност за националната припадност и вероисповеста на лицето што се потпишува поради приватни причини да не мора да се изјаснува тогаш сметаме дека сме ја промашиле целта, и со тоа на индиректен начин граѓаните ги повикуваме од приватни причини да не се изјаснуваат за националната припадност и вероисповеста. Јас не сум за тоа граѓаните да се принудуваат за изјаснување во врска со овие белези, но сум против тоа истото со закон да се предвиди, како што е изложено во спорниот став на член 6 од овој закон.

**АГИМ ФАЗЛИУ: (**Продолжение)

Во духот на тоа со посебен амандман предлагам лицето што не се изјаснува за националната припадност да не се казнува, со тоа сметам дека се исполнува, во доволна мера, нашиот демократски однос кон едно од правата и обврските врзано за пописот на населението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојков.

Ги молам пратениците да не седат во првите три реда. Тоа се места за претставници на Владата, да не прават никакви забуни во јавноста и во работата на Парламентот. Најсериозно, Ве молам. Ве молам да се држиме на редот. Секој да си седне таму каде му е местото.

Нека продолжи господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене амандманот е наполно неприфатлив и мислам дека оваа формулација на членот 6, став 4 е уставна категорија затоа што граѓаните односно тој концепт, тој нормативен дел од нашиот Устав сите велиме дека е граѓански Устав, а посебно ме зачудува што амандманот е поднесен од пратеници на една пратеничка група кои секогаш при своите контакти со некои меѓународни фактори тврдат дека се граѓанска партија.

Во овој случај имаме негирање на право на човекот да се изјасни дали е припадник на некоја вероисповест или националност односно правото да се биде атеист. Во оваа држава Република Македонија верувам дека има и атеисти односно луѓе кои не се припадници на ниту една религија. Негово основно граѓанско право е да каже дека не припаѓа

на ни една вероисповест. Затоа најмногу ме зачуди што пратениците на оваа партија би требало да ги третираме дека се чисто национална партија односно националистичка затоа што вакви односи се косат со решенијата во Уставот и нивната определба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Не знам што потреба има претходниот господин што зборуваше и да ја спомнува партијата со конкретниот амандман. Мислам дека амандманот воопшто не го разбрал како и целта што сакаме да се постигне со амандманот. Добро е пратениците да слушаат и да читаат малку повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Повеќето од пратениците ме замолија да го прочитам амандманот кој предвидува во членот 6 став 4 се брише, а кој гласи: "за прашањето на национална припадност и вероисповест лицето што се попишува може од приватни причини да не се изјасни". Тоа е основно граѓанско право и затоа мислам дека понатаму не би требало да се претставувате дека сте чисто граѓанска партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21)

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за бришење на ставот 4 поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за внесување нов став 2 по точката 2, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Целта на овој амандман е во практиката Република Македонија како суверена и самостојна држава по овој повод кога за прв пат се води попис и во праксата да се потврди дека нема резерви кон извршувањето на оваа мошне важна акција. Во тој поглед сметаме дека нема да биде грев, така да се изразам, ако на граѓаните, на попишуваните лица им се остави барем примерок од образец П-1, што се однесува на основните податоци предвидени со одреден член за белезите на лицата што се попишуваат. Со тоа да се создаде можност евентуално да се споредат особено податоците за одредена националност обработени посебно со централно обработените податоци.

Искрено да Ви кажам кога размислував за таква можност тргнав и од искуствата на другите држави кои во светот се афирмирани како држави со по строги режими тие дозволиле и оставиле во минатото таков примерок без никаква предрасуда, а и од фактот од она што го истакнав во вчерашното пледоаје за да придонесеме навистина овој попис да

биде и целосен и правилен и објективен до крај затоа што е вонреден затоа што има еден политички консензус кај сите нас и тој на крајот да ни даде валидни податоци за планирање на вкупниот регионален развој, а и за креирање на вкупната политика на државата. Мислам дека нема да биде штета ако се остави барем примерок од тоа. Впрочем и при вршење на попис на стоки, залихи, практиката е да се остави примерок на стовариштата од пописната листа, се со цел во одредена ситуација кога се врши срамнување да се види дали состојбата е таква според книговодствените и другите податоци, или не.

Но, добро не би сакал да вулгаризирам работи, овде станува збор за попишување на луѓе, на домаќинства, на станови, станува збор за една многу поважна акција. Со цел да ги елиминираме сомнежите што и досега се појавуваа еве и за овој попис да нема сомнежи при реализирањето на законот, се залагаме за тоа односно повеќе како размислување не инсистираме, туку да се разгледа можноста да се договориме дали да оставиме примерок на домаќинствата односно на попишуваните лица. Во таа смисла еве само како образложение, јас очекувам и некој друг да се произнесе околу оваа проблематика за што сметам дека е ова договор за да се согласиме за некои прашања што сметам дека треба да се согласиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлагачите не инсистираат на амандманот. Ако имаат потреба нека разговараат со Владата понатаму. Јас го слушам претставникот, немаме расправа по тој амандман. Тој ќе си поднесе амандман оној кој инсистира, а предлагачот на амандманот не инсистира.

Дали го повлекувате амандманот? (не го повлекуваат)

Не Ве разбирам каков договор предлагате.

Ве молам тишина.

Процедурално бара господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Барам пауза од 30,00 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 30,00 минути.

(Седницата прекина со работа во 14,о5 часот.

(Седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

Сега господин Превала ќе каже во што е работата.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Заради прецизирање на она што сакав да кажам на крајот поради изложеното во врска со амандманот што се предлага од моја страна и од мојот колега во врска со член 10 став 1 јас Ве повикувам да гласате за тој амандман затоа што сметам дека на таков начин би се елиминирале сомнежите во постапката за остварување на пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фрчковски, претставник на Владата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Како што знаете и како што Ви е доставено Владата не се согласува со амандманот и уште еднаш сакам да ги наведам причините, бидејќи бевме повикани да размислиме за отстранување на можните сомнежи во врска со пописот кои според предлагачот на амандманот би се отстраниле со овој амандман.

Имено, Владата смета дека прифаќањето на овој амандман би било спротивно со сите меѓународни стандарди за заштита на личните податоци кои не беа спорни воопшто расправајќи на експертската група и овој амандман и ова решение воопшто не беше спорен, имено ставот на Владата не беше според расправајќи со експертската група за што имате приложено материјал. Потоа прифаќањето на ваков амандман е спротивен и со решенијата за заштита на личните податоци доставени во овој закон, велам овој амандман не бил никогаш спорен, имаме јасен став, јасна потврда на ставот за предложеното решение од Владата од експертската група, а што е најважно евентуалното прифаќање на вооі амандман би отворило односно би било во сосема спротивна насока од она што беше изложено во образложувачот на амандманот имено, се поставува прашањето кој би ги собирал и би ги компарирал податоците по доставените обрасци до граѓаните? Која е таа формална, неформална група која би можела да врши практично паралелно проверување на податоците од граѓаните и што тоа всушност би претставувало.

Оттаму оваа дилема, оваа последица од ваквиот амандман има сосема спротивна насока од демократска насока, сосема спротивна насока од она која е потребна за заштита на личните податоци содржани во основното решение на Владата. Оттаму Владата смета дека овој амандман не треба да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, пратеникот Шабан Превала во дискусијата по повод овој амандман искажа тешки невистини, имено искажа дека

пописот од 1991 година бил нелегален, не легитимен, фактички пописот извршен под притисоци, под закани, под уцени кои ги бара партијата ПДП да биде извршен според неговото мислење, единствено легитимен. Никој не може да ги оспори резултатите од пописот од 1991 година кој беше извршен според законите на Република Македонија донесени во Собранието на Република Македонија и кој го извршија државните институции.

Оваа дискусија е тесно поврзана и со логиката на овој амандман, тоа е амандманот 6, со кој се бара примерок од образецот за попишување задолжително да се остава на секое попишано лице. Сведоци сме сите овие години на политиката што ја водат челниците на ПДП, а тоа е политика на федерализација на Македонија и обиди да се создаде паралелна држава преку создавање на паравојска, паравоени формации, паралелен референдум, паралелно Собрание, исто така паралелен образовен систем, сведоци сме на голем број диви училишта кои се создаваат, исто така под закана и притисоци постои обид за создавање паралелен Универзитет, а со ова и паралелна евиденција и документација поточно паралелен статистички завод.

Апсолутно овој амандман не е прифатлив за мене, а ми се чини и за останатите пратеници, бидејќи е сосема спротивен на Уставот на Република Македонија.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Морам да кажам дека многу ми е жал што госпоѓицата Димовска ми препишува нешто што јас не реков ниту вчера ниту денеска особено во врска со овој амандман.

Јас инаку прифаќам да се негира амандманот, но да ми се препише нешто такво, не очекував и затоа се оградувам од една таква работа и не би прифатил.

III/8.-

Барам да се погледа стенограмот во кој јасно стои дека Вие укажавте на тоа со овој закон за попис дека ќе имаме прв пат демократски попис и легален попис. Сеќавајте се на тоа што го говорите од говорницата.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Шал ми е што не ми е вообичаено да реплицирам на реплика, меѓутоа, да се разбереме мојата порака е да се направи целосен, објективен и правилен попис. Тоа е во ред. Моите амандмани и на колегата Фазлиу, а верувам дека и другите се согласуваат заправо водат кон тоа и намерата ми е тоа барем овој попис за што има мислење дека пописот од 1991 година не беше целосен и не беше објективен. Бидејќи овој попис се прави прв пат и ако вонреден во услови кога имаме самостојна и суверена Република Македонија дури ќе ни биде чест тој попис да биде максимално можно објективен. Идеален сигурно нема да биде, јас сум свесен за тоа, меѓутоа, моето залагање е во тоа низ амандманите па до колку се оценат и моите амандмани за исправни, доколку се гласа за нив, мислам дека тоа ќе биде еден скромен напор кон еден пообјективен попис. Јас немам намера да дисквалификувам ни попис од 1991 година само укажувам дека ни е шанса со овој нов попис да ја постигнеме поставената цел, а целта ни е да дојдеме до максимално објективни податоци што ќе ни служат за вкупниот регионален и друг развој. Ништо повеќе. Нема да реплицирам повеќе , па макар и десет пати се јавил некој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Арсовски.

III/9.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека амандманот кој е поднесен од колегата Превала не треба да се прифати од многу причини.

Прво и основно мислам дека овде треба да го согледаме државниот интерес, да веруваме во државата, да веруваме во нејзините органи и тела и тие тела кои ќе бидат рамноправно, на некој начин, комисиски, а бидејќи во одредени членови во самиот закон веруваме дека ќе имаме повеќе членови од повеќе партии и таа контрола би била соодветна и партиска, да не кажам, лично се залагам партиите да бидат изземени од тука, а државата исклучиво да го води пописот.

Меѓутоа, се плашам , барам колегата Превала да ме слушне.

IV/1/CJ/лј

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (продолжение)

Да не дојдеме во ситуација индивидуалитетот, дискрецијата и правото на индивидуата да одлучува како тој ќе се кажува,што ќе се кажува, да не биде под нечија контрола.

Јас лично верувам ако оставаме одреден образец кај одредено лице кое се попишува е доведено во ситуација да го контролира одредена партија, без разлика која, не зборувам за ниту една, а тоа значи опасност да му ја одземеме индивидуалната слобода на секој граѓанин кој треба дискрицијално да каже за што се определува, дали е македонец, албанец, србин, влах итн., итн. И во тие рамки мислам дека законодавецот односно предлагачот на законот извонредно предложи кои инструменти треба да се применуваат во член 10 за да тие обрасци бидат достапни само до одреден орган кој може да врши синтеза и анализа на одредени податоци. Дури кажуваме во член 41 беше таму дека ниту еден друг орган може да влијае и да манипулира со податоците кои ќе бидат прибрани од статистиката. А ако викаме дека тоа е државен интерес мислам дека непотребно го доведуваме индивидуалното право на граѓаните, тогаш го наметнуваме колективистичкото право, колективистичко право мислам дека тоа е многу негативно и одраз на уназадување на некои слободи и права на граѓани кои треба да се определуваат во една дискрециона состојба.

И, во таа смисла лично сметам дека овој амандман не треба да се прифати.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, искрено ми е жал, исто како Шабан Превала, што жалеше овде на говорницата, меѓутоа со неговиот амандман и амандманот на неговиот колега и со она што го изнесе на говорницата, ама воопшто не ме убеди во добрата намера на овој амандман.

IV/2.-

Всушност неговото излагање и самиот амандман е во стилот на волк во јагнешка кожа. Господинот Фрчковски овде добро истакна. На кој ќе му служат тие обрасци што треба да се оставaт на оној што ќе биде попишан. Па зар во оваа држава паралелно ќе правиме уште еден завод за статистика или ќе им дозволиме на некои од малцинствата во Република Македонија да изигируваат паралелна власт. Тоа е единствена намера и токму заради тоа мене искрено ми е жал што во овие четири години во одредени луѓе и сум имал некаква доверба, меѓутоа со овие настапи навистина ја губам таа верба и уверен сум дека блокот од коалицијата конечно ќе сфати дека при договорарањето, при донесувањето на вакви законски акти треба децидно и јасно да се договорат за некои прашања или посебни членови во законот. И, овде неусогласени не треба да настапуваат на говорницата и да има една дисхармонија која ќе штети во вкупните односи на граѓаните во РМ.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мене не ме интересира кој е предлагач на амандманот, ниту какво е неговото етничко потекло и припадност. Сметам дека амандманот е во спротивност со членот 18 став 1 од Уставот на Македонија кој гласи: "се гарантира сигурноста и,;тајноста на личните податоци".

Во членот 25 од Уставот на Македонија се вели: "на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот на достоинството и угледот".

овој амандман што е предложен е во спротивност со овие два члена од Уставот на Македонија.

Во псотивноста и со законот за заштита на личните податоци кој го донесовме во ова Собрание. Ми се чини дека беше без гласови и против донесен овој текст на законот каде што е пропишана постапката на субјекти кои се овластени да собираат и да држат збирки на податоци,

начин на користење на тие податоци, лични податоци итн. Впрочем, со еден ваков амандман воопшто не се обезбедува сигурноста и тајноста на личните податоци и затоа сметам дека истиот не е прифатлив и е во спротивност со Уставот.

За мене лично политичките партии независно од структурата на етничкиот состав на политичките парти^ во Македонија не се субјекти кои можат по устав да имаат јавни овластувања, да собираат лични податоци од граѓаните да ги публикуваат и да располагаат со резултатите од евентуални статистички истражувања кои се пропишани како државна активност.

На крајот на краиштата се осудувам и да кажам од оваа говорница дека јас лично не му верувам секому макар и да е македонец по потекло како што јас лично се чувствувам и етничката припадност или сличност на етничка припадност на било кој друг не ми дава право бланко да верувам во неговото расудување, определба или било какви други постапки.

Затоа сметам дека амандманот кој што е предложен е во спротивност со овие два члена од Уставот и во таа смисла Собранието не треба да го усвои.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, ние за овој амандман на господинот Превала расправавме и на Комисијата за економска политика и развој, со оглед на тоа што господинот Превала е претседател на таа комисија па сите сови амандмани ги понуди таму на Комисијата и основен аргумент му беше дека со тој амандман се сака да се постигне што е можно поголема објективност на пописот.

Јас бидејќи сум член на таа Комисија ја искористив приликата да го поставам прашањето на господинот Превала, која е можноста дека ќе се

постигне поголема објективност доколку еден примерок од образецот П1 остане кај секој граѓанин на нашата држава. 0бјективноста кај самиот граѓанин што тој граѓанин, еве јас како единка ќе бидам учесник во тој попис, што ќе има поголема објективност доколку остане еден примерок од пописот на формуларот П1, дали со тоа кај мене ќе се стекне дека со тој попис објективноста е поголема, бидејќи од 2 милиона и 10 0 или колку ќе бидеме вкупно граѓани на оваа држава мојот еден лист или мојот еден дел од сите тие колку е таа објективност и колку е таа сигурност дека целиот попис е посигурен, објективен доколку јас имам еден примерок.

Во тој случај господинот Превала немаше некој одговор, аргумент да ми даде, со тоа што во тој момент рече дека, па ќе има можност и други субјекти да извршат проверка. На тоа нормално следуваше против одговор значи одредена политичка партија, друга, треба паралелно да се вклучи и да изврши накнаден собир или попис на одредено население, па дали тоа ќе бидат припадници на одредена партија или припадници на одредено малцинство. Мислам дека навистина во тој случај иако е таква гушебрижничка целта граѓаните се ставаат во една нелојална конкуренција или се ставаат во улога на една недемокртска состојба во која некој друг ќе треба да води сметка за него односно да го прашува или да бара од него за да се врши проверка што се попишал, како се пријавил итн.

Мислам дека покрај тоа што не се постигнува основната цел, објективноста на самиот попис се ставаат во една улога граѓаните да бидат потчинети и да бидат под некое друго влијание што мислам дека не е демократски и ние како парламент не би требало да прифатиме една таква состојба и мислам дека и таму, на самата Комисија, едноставно беше одбиен овој амандман, меѓутоа господинот Превала остана доследен дека ќе побара поддршка од Парламентот.

IV/5.-

Мислам дека и овде и таму го изразив своето несогласување бидејќи со тоа навистина се удира против демократијата и против слободата на граѓаните и реков дека тој амандман навистина не треба да се прифати бидејќи основната цел за постигнување на објективност на пописот не се постигнува.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, за мене на почетокот да кажам дека овој амандман е наполно неприфатлив од следниве причини:

Мора да признаеме дека ова Собрание почесто се донесува во една апсурдна состојба, една таква апсурдна состојба имаме и при однос на расправата по овој закон. Односно како предлагач на овој закон е Владата на РМ коалициона Влада односно и пратеничката група на ПДП е коалиционен партнер на оваа Влада. Значи имаме министри од ПДП во оваа Влада, па затоа кај мене постои едно двоумење така да речам, дали овој закон не е само закон на три коалициони партнери односно на либералната партија, СДСМ и на Социјалистичката партија заедно со ПЦЕР односно да речам, едно од битните прашања која беше поставено како барање 91 година при пописот од 1991 година е ова што сега се заговара со овој амандман односно образецот П1 еден примерок задолжително да се остава на секое попишано лице.

Оттука, не сакам да се повторувам она што го кажа господинот Фрчковски за тоа што јас како пратеник од опозицијата во овој случај потполно се согласувам со она што го кажа г-динот Фрчковски како претставник на Владата по однос на овој закон.

Затоа, имаме уште една апсурдност. Првата апсурдност е како што кажав поднесување на амандмани од страна на тие што учествувале во власта односно при еден нивни предлог.

Вториот апсурд е што повторно ако овој амандман не се прати вака како што е предложен од ПДП дали ќе имаме еден повторен бојкот? Тоа е политичко прашање. И, затоа мислам дека за да нема лицемерие

кај пратениците од ПДП треба јасно да се произнесат затоа што во вчерашната расправа двајца пратеници од ПДП кажаа децидно ако не се прифатат нашите амандмани може да има повторно бојкот. Сега се поставува прашањето околу тоа дали тие ја признаваат оваа Влада во која учествуваат за легитимна односно дали со тоа ги признаваат почнувајќи од Уставот и сите други законски прописи во оваа држава дека се на некој начин почитувани од нивна страна. Тао е прашањето за лојалноста кон оваа држава, да се учествува во владеењето во оваа држава а да не се биде лојален граѓанин. Во тоа е лојалноста, лојалноста се состои во почитување на Уставот и законите.

И, да не се повторувам со другите пратеници кои изнесоа, зошто, на кого му е потребен овој образец да биде во една приватна сопственост. Кој е тој што ќе го собира, зошто ќе го собира итн. Односно дали нема да биде предмет на една манипулација односно на еден фалсификат затоа што тој образец после тоа може како што е таков да се препечати и да се внесуваат податоци за да се делат и за да се покаже една фактичка непостоечка состојба за бројноста во овој случај на албанското население, на албанското малцинство во РМ. Таа злоупотреба е можна, пред се од причини што знаеме дека еве Куманово да го земеме како пример 1946 година само 3% од вкупното население во општина Куманово беа албнаци, сега се некаде 30% и повеќе. Односно она населување од Косово итн., на некој начин со помош на вакви фалсикувани обрасци да се легализира не можејќи да се легализира со добивањето на државјанство. Такви работи, такви нечесни игри и затоа мислам дека оној амандман на господинот Стефковски што беше за попишување на населението со домицилно државјанство заради тоа што често пати слушаме од ПДП дека се тие овде староседелци, автохтони итн., требаше да биде прифатен најпрвин од нив, тоа е доказ дека се овде навистина пред 200 пред пред 300 години, односно дека се

домицилно население. Во овој случај имаме еден страв кај нив односно страв од вистината. Тао е за доселувањето по 1945 година а особено по 1963 година по која на некој начин Македонија беше една мека за освојување на македонскиот етнички простор од страна на албанците од Косово, па дури и од Албанија .

И затоа за мене потполно е неприфатлив и треба често господата од ПДП да се произнесат, господа Вие наши други коалициони партнери овој амандман не ни го прифаќате, ние како принципиелни, во овој случај Вие треба да бидете принципиелни да си излезете од таа Влада, затоа што не ви се прифаќа еден амандман од вашиот коалиционен партнер. Инаку, лицемерието ќе биде пред оние пред кои им кажувате дека ги застапувате однсоно им велите ние се бориме за вашите права што ви ги ветивме при изборната кампања, меѓутоа другите не ни ги даваат. Во овој случај вие од лични интереси останувате во ова Влада, да бидете коалициони партнери. Тоа е чистата состојба. И затоа бидете принципиелни, кажете ние сме лојални граѓани на оваа држава и нема вакви амандмани повеќе да поднесуваме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас јасно овде ќе признаам дека доколку не беше во прашање изнесената невистина околу Куманово господинот Стоиле ќе го предложев за советник на партијата на ПДП. Но, за жал, сепак се предомислив, од причините кои ги изнесов. (Некој од пратениците во салата му се обраќа на пратеникот Зибери) на Тачи, ако сакаш да знаеш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да разговарате со пратениците.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Па, ми се обраќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не смеете така. Вие одовде се обраќате на парламентот, ни на еден поединец.

IV/8.-

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Што се однесува до амандманот јас сметам дека не држат сите аргументи кои беа изнесени во полза на тезата дека со амандманот ќе биде нарушено правото на тајноста на личните податоци од причини што со амандманот се овозможува? на граѓанинот лично да му се достави односно остави еден примерок од пописницата односно од пописната листа. Што значи дека амандманот не предлага тие пописни листи да се објавуваат или на некој друг начин да се злоупотребуваат. Тоа е лично прашање како што тој ќе ги изнесе податоците пред попишувачот кој ќе ги внесе во пописниот лист исто таков документ да му се овозможи на лицето кое е попишано да го има при себе. Не знам, по таа логика во кој смисол се нарушува тајноста на личните податоци.

Овде беше цитиран член од Уставот и министерот во таа смисла се произнесе, но мене лично не ми е јасно и би сакал министерот дури да може овде да ми објасни во која смисла, доколку се сака хипотетично да се изјавува во смисла на тоа дека тие пак ќе бидат собирани од некое лице или политички субјект, ако сакате, ќе може да се злоупотребуваат тоа се се хипотетички мисли кои можат, но и не мораат односно можат дури да не е вистина тоа, со оглед на тоа што лицето кое ќе го поседува тоа копие од попишани лист негово е право дали тоа ќе го отстапи или не, дали ќе му го даде на некој или не.

И на крајот беше овде изнесено прашањето дека ние се плашиме од реалните факти. Па и ова е еден прилог кон тоа да не се фалсификуваат бројките околу пописот, доколку ги сакаме вистинските податоци кои ќе бидат изнесени, зашто пак да се плашиме тие да бидат и кај граѓаните.

V/1.- РД/ЉР

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Додатните објаснувања околу тоа зошто Владата предлага амандманот да не се прифати се следните: со задржувањето на примерокот на потписницата на граѓаните се намалуваат гаранциите дека податоците од кој ги содржи пописницата нема да можа да бидат злоупотребени, односно тогаш постои поголема веројатност тие да бидат злоупотребени, тоа е едно и второ граѓанинот има право за увид на податоците кои ги дал, односно ги запишал запишувачот, значи гаранцијата дали во моментот на запишување се прави некаков фалсификат може да се направи од увод во пописницата и трето, постои законска обврска за пописниците како технички документи а не официјални документи до следниот попис да се поништат. Тоа би било оневозможено доколку таквите се дистрибуирани на граѓаните, тие можат да ги задржат и таа законска обврска не може да се оствари.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Да ми дозволите само нешто процедурално имам да изјавам. Никој нема право во име на ПДП разни српски инсимулации да проширува. Вчера ниеден пратеник на ПДП не рекол дека ќе се бојкотираат изборите.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи побарав збор, пред да се јави г-динот Фрчковски, министер за внатрешни работи, па се најде во ситуација да повторам дел од неговите аргументи со кои што се согласувам. Во таа смисла само јас би бил поотворен заради тоа што треба на агресивниот настап на одделни пратеници сепак да се одговори соодветно со јачината на аргументите, за да не се создава некој впечаток во оној дел на македонската јавност што го следи овој предност, која што токму ја сочинува популацијата на

албанското малцинство. Мислам дека треба да ги заштитиме тие луѓе од манипулација на нивните претставници кои што очигледно, не водат никаква грижа за интересите за албнаците во Македонија. Ако се прифати амандманот што верувам што не може да се случи, бидејќи тоа би било еден апсурд, практично Законот ќе дозволи еден примерок да остане кај граѓаните. Тогаш се отвара теоретска можност за она што е главна цел на ПДП и НДП да отпечатат толку свој ливчиња колку што треба да ја поддржат Владата за нивната бројност. Тие не се спремни да признаат што инаку како бројка го имаат од својот сопствен попис извршен по партиска линија во 1991 година дека се помалку од 15% во Република Македонија. Секако дека се поставува и прашањето, но тоа во овој случај е повеќе принципиелно, не толку од практична вредност, а тоа е прашањето дали навистина ПДП и НДП успееа во нефункционирањето на македонската правна држава да искористат можност за конституирање на паралелна власт, за се она што претставува институција во Република Македонија. Инаку само да укажам на практичната можност да се злоупотреби една таква ситуација е фактот што тие ако потегнаа на фалсификување на помалку значајни работи, како што се тестови за приемни испити во образованието, тогаш зошто да не се сомневаме за нешто за што толку долгорочно инсистираат и што се поклопува со стратегијата за голема Албанија дека нема да го направат. Едноставно, не можам да ви верувам, бидејќи вие одамна ги изигравте сите можности за градење на доверба со вас.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас барам да се прифати амандманот, бидејќи не знам зошто толку постои страв кај некој пратеници и толку се отвара полемика за овој амандман. Ние не бараме Законот да ги задолжи сите граѓани на

Република Македонија да имаат по еден примерок. Кој сака. Бидејќи ние бараме тоа и зошто да не се остварува. А што се однесува до тврдењето на г-динот Стоиле Стојков дека Куманово имало едно време 3% албанци, јас не знам од каде му се таквите сознанија на г-динот, бидејќи само мојата фамилија денеска сочинува 3% од целото становиштво од Општина Куманово. И не треба такви грешки да направи г-динот, ако има аргументи нека ги изнесе и да не се занимава со лажни аргументи.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Повелете во Заводот за статистика ќе ги најдете тие податоци за Куманово од 1945 година наваму, а колку што знам тие сте вие кои сте доселени во општина Куманово, Прешево итн.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас историајта на мојата фамилија ја знам многу добро, само да му кажам на г-динот пред да излезе ѓаволот на земјата албанците ги нашол во Куманово. Ако може да тврди кога тоа се случило, тогаш г-динот има право да дискутира за оваа тема. Само едно да му кажам мојата фамилија и за време на Римската империја дошла во Куманово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, расправаме за амандман, не за империите. Јас само апелирам кон вас да ви се врати чувството за што овде сме се собрале. Ве молам, тоа што ќе правите малку и смешни и трагикомични состојби нема да ни помогнете. Дајте да излеземе повторно да се произнесеме по амандманот.

V/4.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас колку што знам Черќезите никогаш не биле Римјани, едноставно кажано и мислам дека повеќе нема да станувам да реплицирам, а г-динот нека повели ако сака петпати нека реплицира.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Да ви кажам право го повредивте едно Куманово кое има долга традиција и во кое Куманово живеат извонредно интелектуални и образовани културни луѓе. Допуштивте едни историски невистини демографски невистини да манипулирате со населението во Куманово. Мислам дека овде е апсурдно, дури и достапно и гневно да правите манипулации, 2%, 3% итн. Јас можам да ви кажам едно: дека Куманово како Куманово има одредена статистика. Дајте да веруваме во еден државен орган само веруваме во едни индивидуални мислења, па скажуваме и едно и друго итн. Статистиката ќе покаже кој колку присуствува. Меѓутоа јас ја проучував демографијата на Република Македонија и можам да констатирам едно: дека практично во Куманово во одреден период дали е тоа 1945 или пред 1945 година структурата на населението не е таква каква што е сега . И во таа смисла мислам дека структурата била во тоа време поголема кај македонското население, отколку кај другите. И во таа смисла мислам дека не е добро да манипулираме со Куманово, ако не ги знаеме податоците.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас не би сакал да реплицирам на г-динот Бранко, меѓутоа, исто колку што ја знам историјата на Куманово, треба да знае г-динот Бранко дека нашите села од Карадачкиот терен секогаш биле чисти етнички села. Не сега, туку можам да тврдам дека и пред 500 години затоа јас реков дека во Куманово албанците ги имало и за време на Римската империја. Тоа е точно ние ги знаеме некои работи од историја и не треба

да се плашиме и не треба да ги сокриваме историските факти. Секој човек кој намерава да ги скрие овие факти, тогаш не е во право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво овде немаме амбиции да ја расправаме Историјата. Ве молам, направете некој симпозиум некаде и ќе видите дека во Римската империја немало ниеден албанец, туку се јавуваат многу подоцна и така натаму итн. Немојте вакви работи сега. Ако сакате корени, ќе си ги барате, но не овде. Овде се расправа за Амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да јас ќе го искористам правото на збор, и ќе се вратам до местото да го земам материјалот да можам да говорам да се запре оваа римска или каква империја, кога некој постоел, кога некој не постоел и ќе го искористам правото дали ќе го подржам амандманот или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

(Се слуша довикување од место дека Томислав Стојановски оди да си го земе материјалот).

Никој не му забранува да си го земе материјалот. Не г-дине Стојановски,немате збор. Не може да се дискутира еднаш со материјал, друг пат без материјал. Нема тука да не надмудруваат адвокатите. Тука сте пратеник г-дине Стојановски. Не може тоа така. Какви се тие штосови ќе дискутирам еднаш без материјал, после ќе дојдам со материјал. Седнете си вие на местото. Г-дине Стојановски седнете си на местото. Седнете си на местото,ќе ја прекинам седницата.

Ја прекинувам седницата.

(Пауза од 10 минути).

(По пауза).

Седницата продолжи со работа во 16,15 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Без свртуваше према претседателот јас сакам да расчистам една работа, за да не бидеме во недоразбирање, околу работата во Собранието. Кога настана оваа жестока дискусија помеѓу некои од пратениците овде кои вршеа попис и времето од кога со кој народ или народности и националности било населено Куманово и околијата сакав да интервенирам, меѓутоа претседателот не ми даде збор за таа работа и јас го замолив да се јавам за дискусија по амандманот и да ми дозволи да си ги земам материјалите, за што сум спремен по амандманот да говорам. Претседателот дали лошо ме разбра, не знам како беше се изјасни дека повеќе немам право да се јавувам по амандманот.

Јас го молам, пак претседателот да немаме недоразбирања, јас барав збор за амандманот откако не ми дозволи да се впуштам во расправија околу првото што го реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас за првото не ви допуштив да се впуштите во расправа бидејќи не бевте на никој начин спомнати. И не можете ни со материјал ни без материјал во тоа да се впуштате. Ако сакате за амандманот, повелете зборувајте за амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

VI/2.-

Јас навистина имам намера да дискутирам по овој амандман предложен од господинот Шабан Превала со кој се бара примерок од пописниот образец П-1 задолжително да се остави на секое лице.

Јас овој амандман ќе го сфатев навистина за потреба ако се вршеше попис за тоа лице. За негов интерес, за интересот на лицето и по барање на него. Ако ова не беше државна обврска и ако ова не е потреба на државата. Ова го темелам, господинот Петров рече дека произлегува оваа потреба за гаранција на сигурноста и тајноста на личните податоци од член 18 и го цитираше првиот став. Меѓутоа содржината на ова е токму во вториот став каде говори: "На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирање на информациите за нив преку обработка на податоци". Овде се собираат податоци кои треба да бидат обработени. Значи, гаранцијата ќе треба да биде за граѓанинот од обработените податоци. Податоците што ги бара граѓанинот или ги дава сам си ги поседува и ако сака да ги презентира пред било кој тој ги презентира без обврска и улога на државен орган. Ова е содржината на Уставот што забранува да се внесува вакво задолжение.

Понатаму, во предложениот текст на законот, во членот 45, на крај, последниот став собраните податоци по населени места, општини и за Република Македонија што се обработуваат во согласност по методологијата која ќе ја пропише надлежниот орган ќе се чува крајно. Ако се говори за трајност како ќе може државата да обезбеди трајност ако таков податок односно таков формулар се наоѓа кај граѓанин кој нема задолжение по казнените одредби да го чува и како и што ќе чини со тој образец. Тоа е вториот дел.

Понатаму, ако ја земеме одредбата од член 4 8 од истиот предложен текст, резултатите, сега говори за резултатите, од собраните

податоци цели ќе бидат публикувани или подготвени за потребите на корисниците ако се преземени сите мерки за обезбедување дека попишаните лица не можат да се идентификуваат. Овде се бара гаранција да не може да знае кој еименично попишан. Според ова, јас пак говорам дека законот има целосно значење ако се врши и корекција во одредбата на член 35 кога говориме за државна потреба, за државни гаранции и за државна трајност и државна тајност. Тогаш службениот јазик навистина е македонскиот и на него ќе може да му се става тајност затоа што не се навредуваат правата на малцинствата. Службениот јазик во државата ќе има и гаранција за заштита како податок. Тоа е едниот дел.

Што се однесува дали ќе добиеме податоци за одредени места каде, како и на кој начин се зголемува или не се зголемува некое население господа, што и настана недоразбирањето помеѓу мене и претседателот, јас навистина имам и потреба за извинување и да си запазам и свој и негов дигнитет, не ми се случувало ваква работа од говорницата да се направи. Јас имам начин ова да го кажам и сега.

Ќе наведам само неколку населени места за господинот кој кажа дека неговото семејство го чини 3% населението во Куманово. Јас и тоа го земам. Сопот, Табановци маала, Воиновиќ, Черќези, Опае, Романовце, Матејче и Ропаљце беа населени места исклучиво со македонско население. Посебно ќе го кажам селото Черќези. Тоа до 1969 година броеше 7 лица, 7 жители кои беа македонци а сега има над 1000 куќи и оттогаш наваму се населени од местата од каде потекнува колегата пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам господине Стојановски за амандманот зборувајте.

Токму за тоа сакам да кажам. Сите овие населени места се 3% и тоа е неговото семејство. Населени се надвор од Куманово, надвор од Македонија. Дојдени се од Косово и од Јужна Србија, Прешево, Бујановац и дел од Косовско - Прешевскиот дел.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас сакам да му кажам на господинот Стојановски дека не ја познава структурата на карадачките села од Кумановската општина. Селото Матејче нема македонци, туку има срби. Тоа треба да го знае бидејќи он е од Куманово. А што се однесува село Ропајце, Черќезе итн., да не ги набројувам сите не сега, туку пред 200 години, пред 500 години и за време на Римската империја уште еднаш го потврдувам нека ја прочита историјата ќе се увери, тоа е докажано историски и не сакам да се води расправа по ова прашање бидејќи тој воопшто не е професионално толку изграден за ова прашање. А паушално да се зборува мислам дека не е фер.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да земам обврска дека нема да се јавам не би бил сигурен во тоа, веројатно од моето излагање некој пак ќе ме повика по име и презиме, а јас никого не викам.

Сопот е село на граница према Република Србија. До 1967 година населено со македонци и дел српско население. Во него постоеле две - три албански семејства. Податок од таму нека земат составот кои деца таму учеле на училиште. За кои постоело училиште? Не сакам повеќе да ги бројам, нека се бројат самите. Значи децата албанчиња одеа заедно со македончињата.

Табановце, населено со македонско и нешто српско население. Посебно местото Воиновиќ населено со колонисти срби кои се отселија и таму имовина купија и се доселија албанци од Карадак.

Черќези до 1969 година беа седум-осум души, да кажеме шест немаше ниту име ниту презиме на албанец. Се населија сите од селата на Прешево. Колегата што говореше од таму потекнува. Затоа мисли дека ако се повика на Империја римска, Империја римска била и во Белград и во Ниш, била и во Прешево, па може да биле во Империја неговите претходници. Сега дојдоа тука, навистина се населија бараат да се попишуваат со пописни листи кои ќе ги имаат во Џеп. Ние немаме ништо против, ама тие пописни листи во Џеп ќе ги вратат во Џеп. Џеп е во Србија не е во Македонија.

Романовце беше апсолутно македонско население. После идење на дел од турци кои се отселија купија имот луѓе дојдени од Косово и таму се раселија.

Матејче се срби и македонци, дојдоа, се населија пак од Косово. Јас не го спомнав Липково, не го спомнав горниот дел каде има постоечки албанци. Тие таму живееле и никој тоа не го ни кажа. Погорните села сите заедно имале околу 1500 жители, а тоа се 15 села што ги викаат таканаречени албански села. Па бројте се.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Знам дека се префрливме во некоја расправа не му доликува на Парламентот, меѓутоа јас не ги иницирав овие работи. Уште еднаш сакам да му кажам на колегата дека топонимите на сите села, албански села во општина Куманово се со потекло од албанските племиња. Сопот потекнува од албанското племе Сопи, а село Отља од албанското племе Оти. Матејче од Мати итн. да не ги набројувам. Тој не ја познава добро

историјата, меѓутоа јас не знам зошто да се води расправа, беспредметна расправа по ова прашање. Ако има нешто да се каже на друго место нека повели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, оваа расправа навистина е беспредметна. Точно е тоа што го рече господинот Шакири. Сакав да ви укажам да се концентрираме на амандманот, да почнеме да работиме. Навистина нема смисла илјадници, илјадници години да се враќате и некои аргументи од таму да влечете. Тоа ништо не значи.

Молам, дали е готово сега господине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, видете на многу места. Полска има Сопот, сигурно и таму не живеат албанци. Белград има Сопот и таму не се албанци. Јас реков кога имате Римска империја тогаш се сите.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, од содржината на предложениот амандман на господинот Превала, како и од оние кои што излегоа да го бранат амандманот не можев да разберам ниту да осознам за што е употребната вредност на оној кој што се попишува да го поседува формуларот П-1 од страна на Комисијата која што ќе попишува.

Овде беа изнесени податоци дека заради веродостојноста на документот, односно заради веродостојноста на бројките. Мислам дека не е во ред уште во старт да се осомничува веродостојноста на пописот, особено на цела една популација која не учествуваше на првиот попис, заради тоа што доколку се осомничува веродостојноста дали тоа значи дека со формуларите кои што ќе ги поседува населението, воглавно

VI/7.-

албанцн, бидејќи тоа е желбата мислам само на оваа пратеничка група, не сретнав таков податок, би се направил паралелен попис од нив со обрасци кои што ќе ги понуди државата. Сигурно дека Меѓународната заедница не дава средства за паралелен попис. Таа дава средства да се направи попис од страна на државата, верува во институциите на власта во оваа држава и навистина би го замолила и почитуваниот пратеник од Куманово, бидејќи и јас сум од Куманово да престанеме со една демографска карта на Куманово. Не е прилично во овој Парламент, инаку ако продолжат дискусиите во тој тон очекувам да слушнам дека Адам и Ева биле од албанско потекло и се населиле во подрачјето на Куманово прво, односно во подрачјето каде што живее господинот.

VII/1.- ЛП/ОМ

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со овој амандман, издавање дупликат обрасци, ги разгледував бидејќи ме интересираше во соседните земји, па и во други земји, дали се даваат некаде обрасци. Доста е, само ќе кажам, последен пат разгледував во соседна Албанија, не се даваа во Албанија дупликат обрасци и не знам каде виделе тие па да бараат сега овде обрасци да се даваат.

Јас ги разгледував и тефтерите уште од Турската империја од 15 и 16 век, многу убав попис е направен, воопшто не давале дупликат обрасци. Меѓу другото, разгледувајќи ги тие тефтери од 15 и 16 век, гледав посебно за Полок, а тоа е котлината на Тетово и Гостивар, во таа котлина најдов навистина албанци, но најдов во целата котлина 2 албанци наречени арнаути од турците, овчари дојдени. Воопшто немаше. Сум го разгледувал и Куманово. Во Куманово во тоа време воопшто немало албанци. Албанци има после востанието на Карпош.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за амандманот зборувајте.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Да, за амандманот.

После востанието на Карпош, турците донеле черќези, тие черќези се албанизирани и сега се нарекуваат албанци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Исмет Рамадани сака да направи процедурална интервенција.

Јас собирам интектуални сили, некако сакам да собирам и во овој момент сакам и да протестирам. Господине претседателе, претседавач, мислам дека ни приредивте една добра трагика - комедија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само Вие кажете какав интервенција имате.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Затоа што имавте луѓе кои влегоа во таа игра и сите тие улоги добро ги одиграа. Јас мислам дека кога се зборуваше за амандманот тука паднаа и доста тешки зборови и паѓаат тешки зборови, иако изгледа како траги - комедија, меѓутоа вака се воздржувам само сакам да напомнам дека не сакам да возвратам со сета таа острина затоа што имам почит и кон ова тело, највисоко законодавно тело во република Македонија каде јавно се расправа, а тука паднаа и многу зборови кои навистина недоликуваат. Вие, господине претседателе, цело време дозволувавте многу многу да се зборува андвор од тоа што е амандман, дури на крај дозволивте на еден доктор примариус да зборува македонски зборуваше многу добро македонски кога рече "тие даваја", а кај нас "даваја" зборуваат македонски обично овчарите така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, јас еве и нему му дозволив, не само на господинот примариус, и на господинот Рамадани му дозволив. Обично дозволувам да се искажат луѓето, мислам дека тоа е и потреба овде и Ви укажувам кога зборувате надвор од точката која е на дневен ред и е предмет и сега пак Ве повикувам, концентрирајте се на амандманот, Ве молам.

Има збор пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас го поддржувам амандманот, тоа што го има изнесено господинот Превала и за тој амандман ќе гласам.

Но едно да укажам, а господинот Ковачевски нека го запише. Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни тефтери, том -3 од 15-от век, Скопје, печатен 1976 година за годините 1452-1453 година. Јас мислам дека таа книга и овие извори за овие опширни пописни дефтери што ги има во 15-тиот век сигурно се во секоја библиотека на училишни згради, во сите библиотеки што ги имаме во Македонија. Не сакам овде да се изнесуваат паушални зборови, дали биле два овчари, дали биле два пастири. Јас мислам дека нема потреба да Ве заморувам,а за во иднина другарот нека ја има оваа забелешка и нека реплицира. Јас не сакам од ова добро време да Ви одземам. Мислам дека расправата треба да се однесува на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само сакам да Ви укажам, овие вакви да речам екскурзии што ги правите де во 15-от век, де во Римска империја и не знам каде, сите, и турци и дефтери и не знам што ги сметам сепак како да Ви е во жарот на расправата, нешто Ве понело, ама уште тоа не е свесна ориентација да се растури расправата, да се оневозможи донесувањето на законот. Кога тоа би го сфатил, би Ве прекинал и веднаш би Ве отстранил од говорницата. така и ќе постапувам натаму, ако продолжите на тој начин. Овде сме да расправаме за законот и да гледаме законот да го донесеме. Секој нека си го контролира малку темпераментот и нека го подреди на задачата која ја имаме овде.

Господинот Кирил Ковачевски повторно се јавува за збор.

(Некој од пратениците од ПДП-НДП реагира со зборовите: "зошто сега пак тој").

Видете, не можам јас да Ви кажам кој да крева рака, таа сила ја немам. Тоа се реплики.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Можам да кажам за двата претходни дискутанти, ова е нивното најголемо лицемерие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, бирајте зборови за своите колеги.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Тие се залагаат за нешто невистинито да се додворат кај своето население, но не им успева, се јави друга посилна партија па сега им е криво и тие треба да се престават дека тие се првата партија но тоа не им оди.

Второ, за првиот дискутант само да одговорам, мојата фамилија од самото презиме се гледа дека биле ковачи, но кажав јас во 15-от и 16-от век имало даваjца овчари, се гледа нивното потекло, значи овчарско.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа се веќе навреди, Вие ги навредувате луѓето, имајте внимателен однос барем кон колегите. Јас инаку не гледам како да излеземе од оваа работа.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Тоа што го тврдеше вториот дискутант не е вистинито, имаме Завод аз статистика, може да се провери таму, дека во 15-от и 16-от век воопшто нема албанци во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Мухамед Халили бара збор процедурално.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Со оглед на намерата на некои дискутанти, во името на пратеничката група на ПДП барам денешната седница да се прекине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само едно. Се разбира ние можеме да почитуваме вакво барање на пратеничката група, тоа беше координаторот на таа група, но сите треба да се воздржуваме од провокации, еден на друг викате овде. Еден ќе стане од оваа страна, ќе повика некого од таму, а тој ќе го повика овој, па просто имам впечаток како да е претходен договор. ве молам, престанете со таков начин на работа.

Сега ја прекинуваме седницата, а продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата заврши во 16,45 часот).